PHOENIX group

# Политика за спречување на мито и корупција

**Применливо од:** **15.04.2019**

**Покриеност:**

| | |
|---|---|
| **Феникс Групација** | |
| **Феникс Фарма ДООЕЛ Скопје** | |
| **ФЕНИКС** | |

# Политика за спречување на мито и корупција

**Одобрено на:** **24.04.2019**



# Содржина


**I Општи информации ... 4**

**II Регулатива ... 4**

1. Поткуп ... 4

   1.1 Олеснителни плаќања ... 5

2. Конфликт на интереси ... 6
3. Подароци и стимулации ... 7
4. Патувања, сместувања, угостителски услуги, покани и настани ... 8
5. Донации, грантови и спонзорство ... 9
6. Јавни службеници ... 10
7. Договори со трети страни ... 11
8. Трансакции поврзани со спојување и превземања; заеднички вложувања ... 12
9. Програми за лојалност на потрошувачи / системи со поени ... 12
10. Евиденции и записи ... 12

    10.1 Задолжителни записи ... 13

11. Контакт ... 14

## Речник

| | |
|---|---|
| Систем за контрола на усогласеност (СКУ) | СКУ е систем кој ги комбинира сите активности кои се однесуваат на усогласеноста (како што се политики, обуки, процеси за усогласеност итн.) во рамките на ФЕНИКС ГРУПАЦИЈА. |
| Прирачник за организација на системот за усогласеност | Прирачник за организација на системот за усогласеност е достапен на сите Локални Менаџери за контрола на усогласеност од страна на Секторот за корпоративна усогласеност. Ги опфаќа сите упатства, процеси, препорачани акции итн. поврзани со имплементација на Групацискиот систем за контрола на усогласеност (СКУ). |
| Локален Комитет за Усогласеност (ЛКУ) | Локален Комитет за Усогласеност на ниво на држава или регионално ниво, кој ги надгледува задачите поврзани со следење, надзор, одлучување и ескалација. |
| Локален Менаџер за контрола на усогласеност (ЛМКУ) | Лице кое е одговорно за имплементација на Системот за усогласеност – следејќи ги насоките од Секторот за корпоративна усогласеност – во соодветната компанија/компании и кој е локално лице за контакт за сите прашања поврзани со контрола на усогласеност. Еден ЛМКУ ќе биде именуван за секоја поединечна компанија (ентитет) во рамките на ФЕНИКС ГРУПАЦИЈА. |
| Вработен | Лице кое е вработено во ФЕНИКС ГРУПАЦИЈА. |
| ФЕНИКС ГРУПАЦИЈА (или само ФЕНИКС) | Ги опфаќа сите компании во кои PHOENIX Pharma SE или една од нејзините подружници поседува мнозински удел или кои се директно или индиректно контролирани од страна на холдинг-компанија или нејзини подружници. |
| СОП | Стандардна Оперативна Процедура. Стандардните Оперативни Процедури содржат понатамошни инструкции согласно кои секој вработен во ФЕНИКС ГРУПАЦИЈА треба да постапува. Сите Политики за усогласеност и СОП-ови ќе бидат објавени на COIN. |

## I Општи информации

Оваа политика и СОП-овите поврзани со истата, ги уредуваат сите прашања поврзани со (потенцијалната) корупција и преземените мерки за борба против истата во рамки на Групацијата ФЕНИКС во врска со СКУ.

Корупцијата е забранета. Таа никогаш не е безначаен прекршок, ниту пак е неопходна при отпочнувањето или вршењето деловни врски. Корупцијата е сериозен вид на криминал; оттаму вработените не смеат да се впуштаат во коруптивни практики. Овој принцип мора постојано да се почитува.

Види Принципи за усогласеност и дел 11

Прописите од Принципите за усогласеност ќе се применуваат без ограничување на оваа политика. Истите мора да се почитуваат и во целост да се применат. Ако имате какви било прашања за спречувањето корупција или за друга содржина од оваа политика, контактирајте го вашиот ЛМКУ или Групацискиот комитет за усогласеност.

## II Регулатива

### 1. Поткуп

Принципи и правила

На вработените не им е дозволено да даваат и да земаат поткуп. Не смеат ниту да ангажираат посредници (агенти, советници, други посредници, итн.) кои ќе вршат поткуп.

Забранет е и каков било поткуп, незаконско враќање дел од купопродажна сума на купувачот или друг вид на несоодветно плаќање, како и прифаќање или давање материјални или нематеријални бенефиции.

ФЕНИКС не прави разлика помеѓу поткупи кои вклучуваат јавни службеници и поткупи кои вклучуваат поединци од приватниот бизнис сектор.

На сите вработени, трети страни, застапници и изведувачи им се забранува следното:

а) Давање, нудење или ветување плаќање, подароци, покани или други бенефиции очекувајќи или надевајќи се на нелегитимна предност или надоместување на која било страна која веќе дала или се согласила да даде ваква предност;

б) Прифаќање плаќања, подароци, покани или други бенефиции за кои постои сигурност или сомнеж дека се понудени со очекување на нелегитимна бенефиција за другата страна;

в) Нудење или прифаќање плаќања, подароци, покани или други бенефиции преку трета страна (посредник) на начин што не е опишан во потточките (а) и (б);

г) Вршење дејства или трансакции кои ја прекршуваат ваквата политика и применливите антикорупциски закони.

Дефиниција

Генерално, корупцијата е злоупотреба на моќ која одредено лице ја има во професионален контекст со цел остварување на лична корист или корист на трета страна, на пример, работодавач.

Ова вклучува давање, нудење, ветување, прифаќање или барање бенефиции како стимулации за дејствување со цел вршење влијание врз лица за да се постигне или одржи економска предност.

Во овој случај, бенефицијата е какво било дејство кое ја подобрува материјалната или нематеријалната ситуација на примачот, за што истиот нема законско право.

Незаконското враќање на дел од извршени исплати/купувања се плаќања во вид на скриени провизии, на пример кога претходно вработен консултант враќа дел од зголемената сума за консултантски услуги на сметката на работодавачот. Ваквите договори обично се склучуваат тајно и не се транспарентно обелоденети.

Оваа политик се однесува на следните видови поткуп:

- **Активен поткуп:**
  Нудење, ветување или давање финансиска или друга материјална или нематеријална предност;

- **Пасивен поткуп:**
  Барање или прифаќање финансиска или друга материјална или нематеријална бенефиција како награда или поттикнување нелегитимно дејство во врска со одредена професионална позиција.

Оваа политика се применува и на следните категории:

- **Поткуп во контекст на комерцијална практика:**
  Нудење, ветување или давање материјална или нематеријална бенефиција на лице во рамки на комерцијална практика со намера поттикнување или наградување на нелегитимна употреба на службата на тоа лице;

- **Поткуп на (странски) службеници (јавни службеници):**
  Нудење, ветување или давање финансиска или друга бенефиција на јавен службеник со намера поттикнување или наградување на нелегитимна употреба на службата на тоа лице;

## 1.1 Олеснителни плаќања

Принципи и правила

Групацијата ФЕНИКС олеснителните плаќања ги смета за поткупи; оттаму, тие се забранети. Истото важи без оглед дали истите се дозволени согласно локалните закони или не.

**Дефиниција**

Олеснителните плаќања се плаќања на јавни службеници со цел забрзување на законските дејства на кои лицето има законско право (на пр., минување стока на царина, издавање дозволи, итн.). Ваквите плаќања влијаат само врз моментот на активноста, а не и на нејзиниот резултат.

## 2. Конфликт на интереси

**Принципи и правила**

Вработените мораат интересите на ФЕНИКС да ги стават пред своите лични интереси. Конфликтот на интереси, самиот по себе не е прекршок; но сепак може да стане во зависност на начинот на кој се решава.

Вработените се должни да ги информираат директно претпоставените или ЛМКУ за конфликтот на интереси и тие треба истиот да го решат пред тој да стане проблем.

Вработените треба да се воздржат од ситуации во кои нивната објективност во бизнис одлуките може да се доведе во прашање поради конфликтот на интереси.

Сите конфликти на интереси треба да се откријат, без оглед дали вработениот смета дека конфликтот влијае врз бизнис трансакцијата или не.

Во случај на двоумење (на пример, доколку нешто е нејасно), вработените секогаш треба да се консултираат со претпоставениот или локалниот ЛМКУ.

**Дефиниција и примери**

Конфликтот на интереси е ситуација во која личните интереси на вработениот се разликуваат од интересите на работодавачот или доколку ваквиот личен интерес има несакано влијание.

Конфликтите на интерес се појавуваат кога личните, финансиските или другите релевантни интереси на вработениот водат (или може да доведат) до одлуки или бизнис трансакции кои не се (или не на овој начин) во интерес на Групацијата ФЕНИКС.

Концептот „лични интереси“ е оппширен, се состои не само од интересите на самите вработени, туку и на оние кои се блиско поврзани со тоа лице (физичко или правно).

На пример, конфликтот на интереси може да се појави во следните ситуации:

- Во лични врски, каде личен интерес на лицето блиско поврзано со вработениот би било бизнис врска или вработување на Групацијата ФЕНИКС („непотизам“; на пр., вработување роднина, започнување бизнис врска со роднина врз основа на необјективни критериуми);
- Во доделувањето договори, каде вработениот дава неправедна предност на лице со кое е блиско поврзан (на пр., склучување договор со пријател врз основа на необјективни критериуми);

- Во случаи на секундарно вработување[1] (на пр., работење за конкурент, клиент, давател на услуги, итн. на ФЕНИКС);
- Доколку бизнис партнерот (на пр., конкурентот, сегашниот бизнис партнер или потенцијалниот бизнис партнер) има финансиски интереси (на пр., сопственост на значителен број акции).

**Референции**

– Образец на известување за усогласеност

## 3. Подароци и стимулации

**Принципи и правила**

Вработените на ФЕНИКС повремено смеат да даваат подароци или стимулации на трети страни или истите да ги прифаќаат; сепак, тие треба да бидат социјално оправдани[2] и треба да се во рамките на локално прифатените локални лимити.

Забрането е да се ветуваат, нудат или даваат подароци или стимулации со цел примачот да даде бенефиција на ФЕНИКС или ваквото однесување да се награди или примачот да се наведе да не дејствува на начин кој би можел да му наштети на ФЕНИКС. Ова важи и за обратната ситуација.

На пример, несоодветни подароци кои ви создаваат чувство на задолженост или кои можат да ѝ наштетат на репутацијата на работникот, на ФЕНИКС или на бизнис партнерот, мора да се одбијат на учтив, но решителен начин. Ниту ние смееме да нудиме вакви подароци на трети страни.

Посебно треба да се внимава со подароци и други надоместоци дадени на јавни службеници; доколку постои какво било двоумење за соодветноста на ваквите постапки, неопходно е воздржување од какво било нудење.

Доколку, во исклучителен случај, се дал или се прифатил подарок или стимулации кои го надминуваат вредносниот лимит, истите мора да се одобрат од претпоставениот и да се пријават кај ЛМКУ (види *СОП за управување и менаџирање со подароци*).

При прифаќање или давање подароци и стимулации мора да се почитуваат дополнителните верзии на документот *СОП за управување и менаџирање со подароци*.

Дополнително на гореспоменатите точки, кога станува збор за подароци и стимулации на и од трети страни, следните точки мора да се земат предвид:

---

[1] Дополнително на обврската за пријавување од причини за усогласеност, вработените генерално се обврзани да пријават секундарно вработување во согласност со нивниот договор за работа.
[2] Општествената прифатливост се однесува на модели на однесување кои се општо прифатени, сметајќи го за стандард етичкиот став на пошироката јавност. За ова не се дефинирани општо прифатени граници. (Подетално за ова, види *СОП за управување и менаџирање со подароци*).

- Подароци во форма на готовина или чекови или готовински еквиваленти (како ваучери) никогаш не смеат да се даваат или да се прифаќаат;
- Подароци и стимулации не смеат да се даваат или да се прифаќаат за време на преговори за договор / тендерски постапки, ниту пак смеат да се дадат или прифатат од друштва или лица со кои не е воспоставен деловен однос.

Секој подарок или секоја покана мора да се процени за да се утврди дали има потенцијални несоодветни намери пред истата да се понуди или прифати. Несоодветно е да се прифатат или понудат подароци или други стимулации со вредност која надминува некој локално утврден лимит. Над оваа граница, мора да се почитуваат и дополнителни прописи (види референции).

При давањето подароци или стимулации, не е важно дали трошоците за подарокот ги сноси ФЕНИКС или самиот вработен.

**Дефиниција**

Подароците се каква било бенефиција со одреден еквивалент кој се пренесува на друго лице (на пр., како знак на благодарност), без очекување на нешто во возврат.

**Референции**

- *СОП за управување и менаџирање со подароци*
- Вредносни лимити за соодветното друштво од Групацијата ФЕНИКС
- Образец на известување за усогласеност

## 4. Патувања, сместувања, угостителски услуги, покани и настани

**Принципи и правила**

Вработените на ФЕНИКС смеат повремено да поканат други лица на патувања и/или на настани и да понудат сместување или угостителски услуги или може да прифатат слични понуди; сепак, истите мора да се општествено соодветни и треба да се во рамки на локално прифатените вредносни лимити.

Поканите за преноќувања, како и понуди за покривање на патните трошоци <u>не</u> смеат да се прифаќаат од страна на вработените во ФЕНИКС.

Треба да се почитуваат принципите и прописите прецизирани во Точка 3 од оваа политика (Подароци и стимулации), како и дополнителните верзии на документот *СОП за управување и менаџирање со подароци*; ова посебно важи во случај на тековни преговори за договор или на тендерски постапки.

Повремено, нашите вработени добиваат покани за настани. И ние каниме бизнис партнери на настани. Кога е општествено соодветно и кога е во согласност со дополнителните прописи (види референции), Групацијата ФЕНИКС не одбива учество на вакви настани и ги прифаќа поканите со цел да ги подобри деловните односи и да го промовира заемното разбирање со деловните партнери.

**Дефиниција**

Според ФЕНИКС, во патувања, сместувања, гостопримни услуги и покани вклучена е каква било покана (активна или пасивна) за патување (како авионски трошоци, железнички трошоци, итн.), сместување (хотели, итн.), угостителски

услуги (посети на ресторани, кетеринг на настани, итн.) и настани (конгреси, трговски саеми, театарски претстави, спортски настани, итн.).

Кога се обезбедува патување, сместувања, угостителски услуги и покани, не е важно дали трошоците за подарокот ги сноси ФЕНИКС или самиот вработен.

**Референции**

– *СОП за управување и менаџирање со подароци*
– Вредносни лимити за соодветното друштво од Групацијата ФЕНИКС
– Образец на известување за усогласеност

## 5. Донации, грантови и спонзорство

**Принципи и правила**

Добротворните донации, грантовите и спонзорството мора писмено да се одобрат од член на одборот на соодветното друштво на начин кој ќе биде јасно документиран.

Донациите и грантовите смее да ги даде ФЕНИКС, само доколку за возврат не се очекува одредена услуга, ниту пак нешто слично се нуди или доколку не се тврди дека се работи за таков случај.

Релациите со спонзорствата мора категорично да се регулираат со договор. Секоја спонзорска активност мора да послужи за легитимна цел поврзана со бизнисот.

Сите донации, грантови и спонзорските активности мора да се пријават во Секторот за Усогласеност. За донациите, грантовите и спонзорството се дефинирани групи. Разните процедури за ваквите случаи се опишани во *СОП за донации, грантови и спонзорства*.

Треба да се почитуваат дополнителните верзии на документот *СОП за донации, грантови и спонзорства*.

Групацијата ФЕНИКС повремено поддржува настани или поединци или прави донации во добротворни цели. Овие поддржувачки активности мора да се во согласност со стандардите на интегритет на локално и групациско ниво, како и со локалните закони. Истите мора да се одобрат од член на одборот или од менаџер на високо ниво на друштвото од Групацијата ФЕНИКС кое ја врши донацијата. Меѓу другите, еден критериум за одобрување на донациите е и личната процена на менаџерот од високо ниво/членот на одборот дека донацијата не е и не може да се смета за прикриен поткуп.

Сите донации, грантови и спонзорства мора правилно да се заведат во Регистарот за усогласеност на соодветното друштво во Групацијата ФЕНИКС. Дополнително на ова, друштвото од Групацијата ФЕНИКС мора да ја чува и да ја архивира целата кореспонденција поврзана со ваквите активности поради контрола/ревизија.

**Дефиниција**

Донациите и грантовите се придонеси од страна на ФЕНИКС во форма на готовински плаќања или придонеси во натура на трети страни, без земање ништо за возврат. Грантовите се разликуваат од донациите во тоа што тие се даваат за одредена цел (на пр., лекови за во болници), додека донациите се готовински плаќања кои може да се користат на различни начини (на пр., готовина донирана во случај на природна катастрофа).

Спонзорството со значењето кое му е овде придадено, се однесува на соработка насочена кон достигнување одредена цел. Во ваков случај, готовината која се добива, како и непаричната бенефиција, услугите и сè што се добива за возврат е договорено со договор.

**Референции**

– *СОП за донации, грантови и спонзорства*
– Образец на известување за усогласеност

## 6. Јавни службеници

**Принципи и правила**

ФЕНИКС, во принцип, не прави разлика помеѓу поткупи кои вклучуваат јавни службеници и поткупи кои вклучуваат поединци од приватниот бизнис сектор. Сепак, јавните службеници често се предмет на построги прописи и ограничувања (на локално ниво) кои не важат (или се помалку строги) за лица од приватниот сектор. Ова е со цел да се заштити независноста на администрацијата. Поради овие причини, во договорите и бизнис врските со јавните службеници важат построги правила.

Генерално, соработката со јавните службеници е дозволена само доколку нивното специјално знаење и способности се неопходни и националните закони или другите прописи (на пр., оние на работодавачот) на кои подлежат се целосно испочитувани. Доколку е потребна соработка со јавни службеници, истата мора да се координира на транспарентен начин со цел спречување на какво било сомневање за корупција и поткуп.

**Дефиниција**

Концептот „јавен службеник“ често премногу опширно се дефинира од (локални) надзорни органи и истиот се состои од следното:

- Избрани или назначени лидери или вработени во влади, владини агенции, надлежни органи или друштва во државна сопственост, целосно или делумно;
- Избрани или назначени лидери или вработени во јавни меѓународни организации, како Обединетите нации;
- Лица кои дејствуваат во својство на службеници или во име на влада, владина агенција, надлежен орган или јавна меѓународна организација;
- Политичари и кандидати за политичка позиција;
- Други лица кои се сметаат за „јавен службеник“ согласно применливите закони, прописи и индустриски законици.

Лицата кои се вработени во медицинската индустрија (таканаречените здравствени работници) и во науките се сметаат за јавни службеници доколку работат во болница, клиника, универзитет или слична установа која е во државна сопственост, целосно или делумно.

Во случај на двоумење, вработените може да го контактираат нивниот ЛМКУ.

## 7. Договори со трети страни

**Принципи и правила**

ФЕНИКС дозволува вклучување клаузули за усогласеност во договори и во слични документи само доколку:

- Истите не содржат референции на странски закони (посебно Законот за поткуп на Обединетото Кралство[3] и Законот за странски коруптивни практики (*FCPA*));
- Истите не упатуваат на други кодекси (на пр., внатрешен кодекс на однесување на друштвото на потенцијалниот договорен партнер) и не го обврзуваат ФЕНИКС да се придржува до нив;
- Истите не се чинат сомнителни на друг начин, ниту пак се непропорционално рестриктивни;

Доколку некоја од точките наведени погоре не е исполнета, документот *СОП за менаџирање со трети страни* (види референции) ќе се примени и/или ќе се консултира ЛМКУ.

При пополнување на прашалник од страна на ФЕНИКС како дел од процесите за длабинска анализа на трети страни, мора да се почитува документот *СОП за менаџирање со трети страни* (види референции) и/или да се консултира ЛМКУ.

Несоодветното однесување од страна на третите страни може да има правни последици за друштвата во Групацијата ФЕНИКС и може да наштети на нивната репутација. Затоа се стремиме да воспоставиме врски со трети страни кои ги имаат истите високи стандарди на интегритет.

**Дефиниција**

Трета страна е кое било физичко или правно лице со кое некое друштво од Групацијата ФЕНИКС има (деловен) контакт. Според оваа политика, другите друштва во рамки на Групацијата ФЕНИКС и нивните вработени не се сметаат трети страни.

**Референции**

- *СОП за менаџирање со трети страни*

[3] Не важи за договори во Обединетото Кралство или за договори чии договорни обврски се очекува да се исполнат во Обединетото Кралство, барем делумно.

## 8. Трансакции поврзани со спојување и превземања; заеднички вложувања

**Принципи и правила**

> Пред склучувањето на каков било договор за трансакции поврзани со спојувања и/или превземања или со заеднички вложувања, мора да се изврши длабинска анализа за антикорупција.

Спојувањата и/или превземањата може да доведат до одговорност на друштвата во Групацијата ФЕНИКС за минати или идни трансакции на истите. Оттаму, мора да се гарантира дека овие друштва имаат исти стандарди на интегритет и соодветно дејствуваат. За да се обезбеди усогласеност со оваа политика во случај на вакви трансакции, деловните активности на засегнатите друштва треба соодветно да се проценат и да се следат во рамките на обемот на длабинска анализа пред и по склучувањето на договорите.

**Дефиниција**

Концептот на трансакции за спојување и превземање претставува целосно или делумно превземање/стекнување на друштво, купување на друштво или спојување на друштвото во Групацијата ФЕНИКС со друго друштво.

Заедничкото вложување претставува заедничко дејствување на некое друштво со најмалку една стрета страна.

**Референции**

– Политика за спојувања и стекнувања

## 9. Програми за лојалност на потрошувачи / системи со поени

**Принципи и правила**

> На вработените во Групацијата ФЕНИКС им е дозволено приватно да имаат бенефиција од бонусните програми за извршување деловна активност (на пр., купување, набавка и ангажирање услуги, како и закуп), само доколку ваквата деловна активност е раководена од обврзувачка внатрешна политика (на пр., политика за патни трошоци, политика за моторни возила, итн.).

**Дефиниција**

Таканаречените програми за лојалност на потрошувачите и системите со поени се програми кои се нудат од различни добавувачи (на пр., од авионски друштва, хотелиери, услуги за изнајмување возила, итн.) и со кои се наградува лојалноста на потрошувачите што ги користат нивните услуги, давајќи им поени или други видови кредит на нивните сметки.

**Референции**

– Политика за локални патни трошоци, доколку ја има

## 10. Евиденции и записи

**Принципи и правила**

> Строго се забрануваат лажни и погрешни податоци (на пример во форма на „скриени средства“ или „црни пари“) во евиденцијата и записите (електронски или

други) на ФЕНИКС. Сите финансиски трансакции мора да се документираат и правилно да се заведат во евиденцијата и во записите на соодветниот оддел во Групацијата ФЕНИКС.

Секогаш мора да се почитуваат локалните контролни механизми и/или процедурите за овластување.

Евиденцијата и записите на ФЕНИКС мора да се документираат со задоволителна точност и деталност. Изворите на приход и нивната употреба, како и сите средства мора да се документираат во согласност со локално применливите сметководствени прописи (од ФЕНИКС).

Преземените мерки за спречување ризик од корупција и/или поткуп мора доволно опширно да се документираат во разумна рамка. Евиденцијата и записите мора точно, правилно и разумно да го одразуваат предметот на трансакциите, придржувајќи се до релевантните и (локално) применливите сметководствени принципи.

Мора да се почитуваат локално применливите законски и даночни периоди на задршка.

__Дефиниција__

Евиденцијата и записите се дефинираат како сите сметки, фактури, писмена документација (кореспонденција, белешки, итн.), заедно со кои било други писмени записи.

__Референции__

- Сметководствен прирачник на Групацијата ФЕНИКС

## 10.1 Задолжителни записи

### а) Локални вредносни лимити

Локалниот Сектор за усогласеност ги прецизира и ги препорачува дозволените вредносни лимити за соодветното друштво во Групацијата ФЕНИКС и одржува индекс на постојни локални вредносни лимити за сите ревизорски цели и за проверка од страна на Секторот за усогласеност на ниво на групацијата. Локалните вредносни лимити мора да се одобрат од страна на ЛКУ на соодветното друштво. Секторот за усогласеност на ниво на групацијата поставува максимални вредности кои служат како ориентациони точки за секторите за усогласеност во друштвата.

Дополнителни детали се наведени во Прирачникот за усогласеност на организацијата.

### б) Регистар за усогласеност

Секој локален сектор за усогласеност води свој регистар за усогласеност со следните записи:

а) Конфликти на интереси (Точка 2)
б) Бенефиции кои ги надминуваат вредносните граници (види Точка 3 и 4)
в) Донации, грантови и спонзорство (види Точка 5)

Регистарот за усогласеност мора да биде достапен за ревизорски цели.

Регистарот за усогласеност е овозможен од Групацискиот комитет за усогласеност и е раководен од ЛМКУ. Секторот за усогласеност на ниво на групацијата може да наложи дополнителни критериуми за формата, содржината и достапноста на Регистарот за усогласеност.

Дополнителни детали се наведени во Прирачникот за усогласеност на организацијата.

## 11. Контакт

**Види принципи за усогласеност**

За пријавување на несоодветно однесување достапни се неколку опции (види принципи за усогласеност).

Во случај да имате прашања за оваа или за друга политика, ве молиме контактирајте го ЛМКУ или Групацискиот комитет за усогласеност.

Групацискиот комитет за усогласеност може да се контактира преку следните начини:

Преку електронска пошта: compliance@phoenixgroup.eu

Преку телефон: +49 621 8505 – 8519

(Анонимно) преку системот за пријавување случаи: https://phoenixgroup.integrityplatform.org/

Преку пошта:
„ФЕНИКС Фарма СЕ“ (*PHOENIX Pharma SE*)
Групациски комитет за усогласеност (*Corporate Compliance*)
Pfingstweidstraße 10–12
68199 Mannheim
Germany